08-165/8
21-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-165/1 од 15.01.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-165/1 од 15.01.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-165/1 од 15.01.2025 година е оформен по електронска пријава од непознат подносител во која се дадени наводи за неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси по престанок на функцијата на ____________ Организациски директор на ________________, __________ Организациски директор на ____________ и _____________ Директор на _________________.

По извршениот увид во базата на ДКСК утврдено е дека лицето ____________ Организациски директор на _____________________, е опфатено со проверка во пријава по предмет бр.08-2528/1 од 24.09.2024 година и се однесува на делот на неподнесување на изјава за престанок на функцијата Организациски директор на ______________________, за кој е издаден Прекршочен платен налог со бр.08-953/14 од 03.03.2025 година и ја има платено глобата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето _______________ Организациски директор на ______________________________ во законски предвидениот рок по избор и по престанок на функцијата нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

ДКСК изготви Прекршочен платен налог бр.08-165/5 од 04.07.2025 година за избор на функција, и прекршочен платен налог бр.08-165/3 од 04.07.2025 година за престанок на функцијата и истите ги достави до _______________ .

По добивање на прекршочните платни налози лицето има постапено по истите и ги има платено глобите.

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето _______________ во законкси предвидениот рок по избор и по престанок на функцијата Директор на __________________________ нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Лицето е опфатено со проверка по пријава во предметот бр.08-2528/1 од 24.09.2024 година и се однесува на делот на неподнесување на изјава за избор и за престанок на функцијата.

ДКСК на _________________ му издаде Прекршочен платен налог за избор на функција со бр.08-953/6 од 03.03.2025 година и Прекршочен платен налог за престанок на функцијата со бр.08-953/8 од 03.03.2025 година и истите ги достави до _________________.

_________________ по добивање на прекршочните платни налози има постапено по истите и ја платил глобата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

**Изготвил:** К.Б, Помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** м-р Б.К.Ш член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk